СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1840/2021
Дата 09-12-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерството за транспорт и врски** се издаваат Услови за **планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина** Петровец.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 21,847 ха, а површината за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 19,696 ха. За останатиот дел од планскиот опфат има издадено услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Р'жаничино, Општина Петровец, со тех. бр. У12120.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. У33321** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина Петровец, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на Аеродромот "Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната аеродромска мрежа. При изработка на предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина Петровец, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина Петровец,** задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерството за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 39376 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина Петровец. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 21,847 ха.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 21,847 ха, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1840/2021 од 06.12.2021 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТС 35 КВ во КО Р'жаничино, Општина Петровец, претставуваат влезни параметри и смерници при


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk